## ПИСМО ДО ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ

## ФЛУОРОКИНОЛОНИ и КИНОЛОНИ за системска и за инхалациска примена: ограничување на примената поради ризик од настанување онеспособувачки, долготрајни и потенцијално иреверзибилни несакани дејства

Почитувани,

Носителите на одобренија за лекови што содржат флуорокинолони (ciprofloxacin, levofloxacin, ofloxacin, moxifloxacin и norfloxacin), во соработка со Агенцијата за лекови и за медицински средства на Р. Северна Македонија („Малмед“) ве известуваат за следното:

**Кратка содржина**

- При примената на кинолонски и на флуорокинолонски антибиотици забележани се онеспособувачки, долготрајни и потенцијално иреверзибилни несакани дејства, кои најчесто ги зафаќаат мускулоскелетниот и нервниот систем.
- Поради тоа во Европската Унија (ЕУ) е извршено преиспитување на корисата и на ризиците на сите кинолонски и флуорокинолонски антибиотици и на нивните индикации.
- Медицинските производи што содржат циноксацин, флумеквин, налидиксинска киселина и пипемидинска киселина ќе бидат повлечени од пазарот.
- **Немојте** да ги препишувате овие лекови:
    - за третирање лесни или самоограничувачки инфекции (како што се фарингитис, тонзилитис и акутен бронхитис);
    - за превенција на патничка дијареа или повторувачки инфекции на долниот дел на уринарниот тракт;
    - за небактериски инфекции, на пр. небактериски (хроничен) простатитис;
    - за благи до умерено тешки инфекции (вклучувајќи некомплициран циститис, акутна егзацербација на хроничен бронхитис и хронична опструктивна белодробна болест (ХОББ), акутен бактериски риносинузитис и акутен отитис медија), освен ако не е возможна примена на други антибиотици што се вообичаено препорачани за овие инфекции;
    - кај пациенти што имаат претходно доживеано сериозни несакани реакции при примена на кинолонски и флуорокинолонски антибиотици.

- **Особено внимание** е потребно при препишување на овие лекови кај стари лица, кај пациенти со оштетена бубрежна функција, кај пациенти со трансплантирани солидни органи, како и кај оние што се истовремено на третман со кортикостероиди, бидејќи кај тие пациенти е зголемен ризикот од појава на тендинитис индуциран од флуорокинолони и руптура на тетивата. Потребно е да се избегне истовремената употреба на кортикостероиди и на флуорокинолони.
- Советувајте ги пациентите да ја **прекинат терапијата** при појава на првите знаци на сериозни несакани реакции, како што се тендинитис и руптура на тетива, болки во мускулите, мускулна слабост, болки во зглобовите, оток на зглобовите, периферна невропатија и дејства на централниот нервен систем и веднаш да им се обратат на своите матични лекари за натамошни упатства.

**Дополнителни информации**

Европската агенција за лекови (ЕМА) спроведе проценка на кинолонски и на флуорокинолонски антибиотици за системска и за инхалациска употреба, со цел утврдување на ризикот од појава на онеспособувачки, долготрајни (со траење од повеќе месеци или години) и потенцијално иреверзибилни несакани дејства, кои најчесто ги зафаќаат мускулоскелетниот и нервниот систем.

Сериозни несакани реакции на мускулоскелетниот систем вклучуваат тендинитис, руптура на тетива, мијалгија, мускулна слабост, артралгија, едем на зглобовите и нарушувања на одот.

Сериозните несакани реакции на нервниот систем вклучуваат периферна невропатија, несоница, депресија, замор, нарушување на помнењето, како и оштетувања на видот, слухот, мирисот и на вкусот.

Пријавени се само неколку случаи на онеспособувачки и на потенцијално иреверзибилни несакани реакции, но може да се претпостави дека не се пријавени сите случаи. Поради сериозноста на овие реакции кај претходно здрави лица, која било одлука за препишување кинолони и флуорокинолони треба да биде донесена по внимателна проценка на користа и на ризиците за секој поединечен случај.

Збирниот извештај за особините на лекот и упатството за употреба на сите лекови што содржат флуорокинолони за системска и за инхалациска употреба ќе бидат ажурирани со овие нови информации.

**Повик за пријавување несакани реакции**

Ве молиме секој сомнеж за несакана реакција од лекот да биде пријавен до „Малмед".

Несаканите реакции од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и за медицински средства (ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, кат 1) или по електронски пат преку веб-страницата на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

Носители на одобренија за лекови што се од групата флуорокинолони:

| Латинично име | Генеричко име | Јачина | Пакување | Фармацевтска форма | Носител на одобрение | Производител |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ABAKTAL | pefloxacin | 400 mg/5 ml | 10 ампули x 5 ml/кутија | раствор за инјектирање | ЛЕК - СКОПЈЕ Лек д.д. Љубљана дооел | LEK farmacevtska druzba d.d. |
| ABAKTAL | pefloxacin | 400 mg | 10 филм-обложени таблети (блистер 1 x 10)/кутија | филм-обложена таблета | ЛЕК - СКОПЈЕ Лек д.д. Љубљана дооел | LEK farmacevtska druzba d.d. |
| ALVOLAMID | levofloxacin | 5 mg/1 ml | 10 стаклени вијали x 50 ml/кутија | раствор за инфузија | АЛВОГЕН доо Барице, Претставништво | PHARMATHEN S.A.,ANFARM Helas S.A. |
| ALVOLAMID | levofloxacin | 5 mg/1 ml | 10 стаклени вијали x 100 ml/кутија | раствор за инфузија | АЛВОГЕН доо Барице, Претставништво | PHARMATHEN S.A.,ANFARM Helas S.A. |
| ALVOLAMID T | levofloxacin | 250 mg | 10 таблети (блистер 1 x 10)/кутија | филм-обложена таблета | АЛВОГЕН доо Барице, Претставништво | PHARMATHEN S.A. |

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ALVOLAMID T | levofloxacin | 500 mg | 10 таблети (блистер 1 x 10)/кутија | филм-обложена таблета | АЛВОГЕН доо Барице, Претставништво | PHARMATHEN S.A. |
| AVELOX | moxifloxacin | 400 mg | 7 филм-обложени таблети (блистер 1 x 7)/кутија | филм-обложена таблета | Bayer d.o.o. Ljubljana, Претставништво | Bayer AG,BAYER farmacevtska druzba d.o.o. |
| AVELOX | moxifloxacin | 400 mg/250 ml | 1 стаклено шише x 250 ml/кутија | раствор за инфузија | Bayer d.o.o. Ljubljana, Претставништво | Bayer AG,BAYER farmacevtska druzba d.o.o. |
| AVELOX | moxifloxacin | 400 mg | 5 филм-обложени таблети (блистер 1 x 5)/кутија | филм-обложена таблета | Bayer d.o.o. Ljubljana, Претставништво | Bayer AG,BAYER farmacevtska druzba d.o.o. |
| CIPRINOL | ciprofloxacin | 100 mg/10 ml | 5 ампули x 10 ml/кутија | концентрат за раствор за инфузија | КРКА - ФАРМА дооел | KRKA d.d. (Лочна) |
| CIPRINOL | ciprofloxacin | 500 mg | 10 филм-обложени таблети (блистер 1 x 10)/кутија | филм-обложена таблета | КРКА - ФАРМА дооел | KRKA d.d. (Лочна) |
| CIPRINOL | ciprofloxacin | 250 mg | 10 филм таблети (блистер 1 x 10)/кутија | филм-обложена таблета | КРКА - ФАРМА дооел | KRKA d.d. (Лочна) |
| CIPRINOL | ciprofloxacin | 200 mg/100 ml | 1 стаклена вијала x 100 ml/кутија | раствор за инфузија | КРКА - ФАРМА дооел | KRKA tovarna zdravil d.d. |
| CIPRO | ciprofloxacin | 250 mg | 14 таблети (блистер 1 x 14)/кутија | филм-обложена таблета | РИФАМ доо | Biofarma Ilac San ve Tic AS |
| CIPRO | ciprofloxacin | 500 mg | 14 таблети (блистер 2 x 7)/кутија | филм-обложена таблета | РИФАМ доо | Biofarma Ilac San ve Tic AS |
| CIPRO | ciprofloxacin | 750 mg | 14 таблети (блистер 2 x 7)/кутија | филм-обложена таблета | РИФАМ доо | Biofarma Ilac San ve Tic AS |
| CIPROCINAL | ciprofloxacin | 250 mg | 10 филм-обложени таблети (блистер 1 x 10)/кутија | филм-обложена таблета | АКТАВИС Интернационал Лимитед, Претставништво | ZDRAVLJE A.D. |
| CIPROFLOKSACIN | ciprofloxacin | 500 mg | 10 филм-обложени таблети (блистер 1 x 10)/кутија | филм-обложена таблета | АД ЈАКА 80 Радовиш | Фармацевтска козметичка и диететска индустрија АД ЈАКА 80 Радовиш |
| CITERAL | ciprofloxacin | 100 mg/10 ml | 5 стаклени ампули x 10 ml/кутија | концентрат за раствор за инфузија | АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ-фармацевтска, хемиска, козметичка индустрија | АЛКАЛОИД АД |
| CITERAL | ciprofloxacin | 250 mg | 10 таблети (блистер 1 x 10)/кутија | филм-обложена таблета | АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ-фармацевтска, хемиска, козметичка индустрија | АЛКАЛОИД АД |
| CITERAL | ciprofloxacin | 500 mg | 10 таблети (блистер 1 x 10)/кутија | филм-обложена таблета | АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ-фармацевтска, хемиска, козметичка индустрија | АЛКАЛОИД АД |

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ELFONIS | moxifloxacin | 400 mg/250 ml | 1 стаклено шише x 250 ml/кутија | раствор за инфузија | ХЕМОФАРМ АД фармацевтско-хемиска индустрија, Претставништво - Скопје | HEMOFARM A.D. |
| FLEXID | levofloxacin | 5 mg/ml | 10 полиетиленски кеси x 50 ml/кутија | раствор за инфузија | ЛЕК - СКОПЈЕ Лек д.д. Љубљана дооел | LEK Pharmaceuticals d.d.- |
| FLEXID | levofloxacin | 250 mg | 10 филм-обложени таблети (блистер 1 x 10)/кутија | филм-обложена таблета | ЛЕК - СКОПЈЕ Лек д.д. Љубљана дооел | LEK farmacevtska druzba d.d. |
| FLEXID | levofloxacin | 500 mg | 10 филм-обложени таблети (блистер 1 x 10)/кутија | филм-обложена таблета | ЛЕК - СКОПЈЕ Лек д.д. Љубљана дооел | LEK farmacevtska druzba d.d. |
| FLEXID | levofloxacin | 5 mg/ml | 10 полиетиленски кеси x 100 ml/кутија | раствор за инфузија | ЛЕК - СКОПЈЕ Лек д.д. Љубљана дооел | LEK farmacevtska druzba d.d. |
| FLOXIMOX | moxifloxacin | 400 mg | 7 филм-обложени таблети (блистер 1 x 7)/кутија | филм-обложена таблета | ЛЕК - СКОПЈЕ Лек д.д. Љубљана дооел | S.C.Sandoz SRL,LEK farmacevtska druzba d.d.,LEK farmacevtska druzba d.d,LEK S.A. ,SALUTAS Pharma GmbH,SALUTAS Pharma GmbH |
| FLOXIMOX | moxifloxacin | 400 mg | 5 филм-обложени таблети (блистер 1 x 5)/кутија | филм-обложена таблета | ЛЕК - СКОПЈЕ Лек д.д. Љубљана дооел | S.C.Sandoz SRL,LEK farmacevtska druzba d.d.,LEK farmacevtska druzba d.d,LEK S.A. ,SALUTAS Pharma GmbH,SALUTAS Pharma GmbH |
| LEBEL | levofloxacin | 500 mg | 7 таблети (блистер 1 x 7)/кутија | филм-обложена таблета | НОБЕЛ ИЛАЧ САНАЈИИ ВЕ ТИЏАРЕТ А.Ш. Претставништво во Македонија | NOBEL Ilac Sanayii ve Ticaret A.S. |
| LEBEL | levofloxacin | 750 mg | 7 таблети (блистер 1 x 7)/кутија | филм-обложена таблета | НОБЕЛ ИЛАЧ САНАЈИИ ВЕ ТИЏАРЕТ А.Ш. Претставништво во Македонија | NOBEL Ilac Sanayii ve Ticaret A.S. |
| MOKSIFLOKSACIN PharmaS | moxifloxacin | 400 mg/250 ml | 1 стаклено шише x 250 ml / кутија | раствор за инфузија | ПхармаС Лекови дооел | PHARMATHEN S.A. |
| MOKSINE | moxifloxacin | 400 mg | 7 филм-обложени таблети (блистер 1 x 7)/кутија | филм-обложена таблета | РИФАМ доо | DEVA HOLDING A.S. |
| MOLOXIN | moxifloxacin | 400 mg | 7 таблети (блистер 1 x 7)/кутија | филм-обложена таблета | КРКА - ФАРМА дооел | KRKA d.d. (Лочна),TAD Pharma GmbH ,KRKA FARMA d.o.o. |

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| MOLOXIN | moxifloxacin | 400 mg | 5 таблети (блистер 1 x 5)/кутија | филм-обложена таблета | КРКА - ФАРМА дооел | KRKA d.d. (Лочна),TAD Pharma GmbH ,KRKA FARMA d.o.o. |
| MOXIRAL | moxifloxacin | 400 mg | 5 филм-обложени таблети (блистер 1 x 5)/кутија | филм-обложена таблета | АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ-фармацевтска, хемиска, козметичка индустрија | ALKALOID AD |
| MOXIRAL | moxifloxacin | 400 mg | 10 филм-обложени таблети (блистер 2 x 5)/кутија | филм-обложена таблета | АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ-фармацевтска, хемиска, козметичка индустрија | ALKALOID AD |
| MOXIRAL | moxifloxacin | 400 mg | 7 филм-обложени таблети (блистер 1 x 7)/кутија | филм-обложена таблета | АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ-фармацевтска, хемиска, козметичка индустрија | ALKALOID AD |
| NEVOTEK | levofloxacin | 500 mg | 7 таблета (блистер 1 x 7)/кутија | филм-обложена таблета | РИФАМ доо | Biofarma Ilac San ve Tic AS |
| NOLICIN | norfloxacin | 400 mg | 20 филм-обложени таблети (блистер 2 x 10)/кутија | филм-обложена таблета | КРКА - ФАРМА дооел | KRKA d.d. (Лочна) |
| NORFLOKSACIN | norfloxacin | 400 mg | 20 таблети (блистер 2 x 10)/кутија | филм-обложена таблета | РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ | РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ |
| PITOXIL-SANOVEL | moxifloxacin | 400 mg | 7 таблети (блистер 1 x 7)/кутија | филм-обложена таблета | САНОВЕЛ ИЛАЧ САНАЈИ ВЕ ТИЏАРЕТ АНОНИМ ШИРКЕТИ, Претставништво | SANOVEL Ilac Sanayi ve Ticaret A.S. |
| POTANT-SANOVEL | levofloxacin | 500 mg | 7 таблети (блистер 1 x 7)/кутија | филм-обложена таблета | САНОВЕЛ ИЛАЧ САНАЈИ ВЕ ТИЏАРЕТ АНОНИМ ШИРКЕТИ, Претставништво | SANOVEL Ilac Sanayi ve Ticaret A.S. |
| RECIPROKS | ciprofloxacin | 250 mg | 10 таблети (блистер 1 x 10)/кутија | филм-обложена таблета | РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ | РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ |
| RECIPROKS | ciprofloxacin | 500 mg | 20 таблети (блистер 2 x 10)/кутија | филм-обложена таблета | РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ | РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ |
| RECIPROKS | ciprofloxacin | 500 mg | 10 таблети (блистер 1 x 10)/кутија | филм-обложена таблета | РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ | РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ |
| RECIPROKS | ciprofloxacin | 250 mg | 20 таблети (блистер 2 x 10)/кутија | филм-обложена таблета | РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ | РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ |

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

Доколку имате било какви прашања или Ви се потребни дополнителни информации за лековите кои содржат ciprofloxacin, levofloxacin, ofloxacin, moxifloxacin и norfloxacin Ве молиме да се обратите кај горенаведените Носители на одобрение за ставање на лек во промет.

Со почит,

_________________________

Јасмина Манчевска Црнокрак
Одговорно лице за фармаковигиланца за КРКА ФАРМА ДООЕЛ – Скопје

_________________________

Оливера Панева
Одговорно лице за фармаковигиланца за АЛКАЛОИД АД – Скопје

_________________________

Наташа Живкова
Одговорно лице за фармаковигиланца за ЛЕК СКОПЈЕ ЛЕК д.д. Љубљана ДООЕЛ – Скопје

_________________________

Анѓелина Зимбакова
Одговорно лице за фармаковигиланца за РЕПЛЕК ФАРМА ДООЕЛ – Скопје

_________________________

Марија Димковска
Одговорно лице за фармаковигиланца за САНОВЕЛ ИЛАЧ САНАЈИ ВЕ ТИЏАРЕТ АНОНИМ ШИРКЕТИ, Претставништво

_________________________

Даниела Брашнарска
Одговорно лице за фармаковигиланца за РИФАМ ДОО – Гостивар

_________________________

Марија зајкова
Одговорно лице за фармаковигиланца за АЛВОГЕН ДОО Барице – Скопје

_________________________

Костадинка Козарева
Одговорно лице за фармаковигиланца за Bayer d.o.o. Ljubljana, Претставништво Скопје

_________________________

Елена Тодоровска Ковачевска
Одговорно лице за фармаковигиланца за НОБЕЛ ИЛАЧ САНАЈИИ ВЕ ТИЏАРЕТ А.Ш. Претставништво во Македонија

_________________________

Емилија Пејковска
Одговорно лице за фармаковигиланца за ХЕМОФАРМ АД фармацевтско-хемиска индустрија, Претставништво - Скопје

_________________________

Весна Јаќоска
Одговорно лице за фармаковигиланца за ПхармаС Лекови дооел

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ